МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Јули 2015
БРОЈ 167

## Форуми на Цивика мобилитас во Дојран и Гостивар

### ГРАЃАНСКИОТ АНГАЖМАН ВО МАКЕДОНИЈА

Цивика мобилитас беше дел од петтиот по ред Д-фестивал, кој се одржа од 17 до 19 јули 2015 г. во Стар Дојран. Вклученоста на граѓаните во иницирањето и постигнувањето општествени промени беше тема на ад хок форумот што се одржа на 19 јули 2015 г. Преку примерите на неформалните здружувања: „На точак“ и „Студентски пленум“ се дискутираше за тоа колкава и каква треба да биде критичната маса за предизвикување општествена промена?; Што е потребно да се постигне потребната критична маса?; Како да се мобилизираат граѓаните за општествени промени? Дали треба да се користат традиционални и/или модерни методи и алатки? итн.

Јована Тозија и Искра Савовска од „На точак“ зборуваа за почетоците на движењето и за начинот на комуникација со надлежните институции. „Функционираме хоризонтално, немаме хиерархиска структура, секој придонесува кога може и со што може“, рече Искра Савова. „За каков било активизам“, рече Јована Тозија, „важно е да чувствувате незадоволство од одредена состојба и гнев што ќе ве држи доволно долго за да вложите напор што ќе резултира со промена; да го почитувате мислењето на другиот; да не ги сведувате дискусиите на лична основа туку на аргументи; да бидете искрени. Држете се до својата цел“, им порача таа на присутните.

Дарко Малиновски од Студентски пленум зборуваше за нивното искуство во организирањето и функционирањето. „Студентски пленум е комплексна група и таа е одговор, меѓу другото, на нашето незадоволство од тоа како функционираа формалните здруженија на студентите. Сметавме дека хоризонталната поставеност е соодветна за создавање критична маса за целта што ја имавме“, рече тој. Присутните приврзаници на движењето рекоа дека често ги прашуваат дали ќе се изгуби дел од енергијата кога дел од активистите ќе дипломираат. За „пленумците“ за тоа воопшто не станува збор. „Нашите пријатели од „Средношколскиот пленум“ од септември ќе станат наши колеги, тие со себе ќе ја донесат нивната енергија, заедно ќе работиме не само на Законот за високо образование туку и на многу други прашања како што е на пример студентскиот стандард“, рече Бојан Ристовски од „Студентски пленум“.



*Од ад хок форумот во Стар Дојран*

### ПОГОЛЕМО МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ

На 22 јули 2015 г., во Центарот за развој на младите на општина Гостивар, се одржа четвриот регионален форум на Цивика мобилитас на кој пристуните разговараа за потребните промени во Полошкиот регион.

„Постои отуѓеност на граѓаните и граѓанските организации“, рече Санела Шкријел, од Фондација за женско претприемништво. „Во Полог има и неформални здружувања како Еко герила, кои мобилизираат доста граѓани. Но, не ми е јасно зошто граѓаните се активираат повеќе во неформални здружувања отколку во ГО. Каде грешиме ние граѓанските организации, зошто немаме поддршка како неформалните иницијативи.“

И во Гостивар беше потенциран проблемот на партизирање. „Можеби пречката за мобилизирање е политизирањето и партизирањето на граѓаните и граѓанските организации“, рече Несим Велиу, од Екопродукт од Тетово.

## Повторен повик на Платформата за борба против корупцијата

Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата уште еднаш упати повик до Јавното обвинителство за поефикасно и потранспарентно постапување по прашањата кои се однесуваат на наводните злоупотреби, незаконитото постапување, корупцијата и нарушувањето на човековите права кои се наведуваат во прислушуваните телефонски комуникации објавени во изминатите месеци што би придонело за градење на довербата во институцијата.

Членките на Платформата изразуваат загриженост од односот на Државната комисија за спречување на корупцијата која и натаму продолжува со своето изолирано и нетранспарентно работење.

Платформата бара Владата да го вклучи граѓанскиот сектор во имплементацијата на препораките од Извештајот на Прибе, а пред се во набљудување на ефикасноста и ефектите од спроведување на Акциските планови.

Јавното обвинителство на 22 јули 2015 година на својата веб страна објави известување. „Јавните обвинители од основните јавни обвинителства во чија надлежност се сите досега отворени предмети ги преземаат сите потребни дејствија за да се утврди постоењето на елементи на сторено кривично дело и да се лоцира евентуалната кривична одговорност и при тоа постапуваат апсолутно неселективно, стручно и професионално.“ Во известувањето подетално се објаснуваат дејствијата преземени по одделни предмети.

Иако известувањето не е директно упатено до Платформата, со него се опфатени прашањата од претходните реакции на оваа група граѓански организации што им дава за право да бидат задоволни од резултатите од напорите за потранспарентна работа на надлежните институции за случајот со прислушуваните разговори.

## Избрани се добитниците на акциските грантови на Цивика мобилитас

Петнаесет организации се во процес на потпишување на договорите откако беа селектирани и избрани на повикот за акциски грантови на Цивика мобилитас што беше отворен на 22 април 2015 година.

Добитници на грантови се: Здружението Форум – Центар за стратешки истражувања и документација, Скопје; Здружението на граѓани Медиа плус, Штип; Здружението Дивезити медиа, Скопје; Унијата на еколози Натура; Здружението за развој – Центар за управување со промени, Скопје; Црвениот крст на Р. Македонија – Црвен крст на град Скопје; Организацијата на потрошувачите на Македонија, Скопје; Здружението за еднакви можности Еднаков пристап, Скопје; ГАУС Институтот – Фондација за нови технологии, иновации и тренсфер на знаење; Институтот за општествени и хуманистички науки, Скопје; Здружението на земјоделски производители „Агропродукт“, Штип; Здружението на граѓани Македонски центар за европско образование, Скопје; Здружението за култура и развој на креативни индустрии Култ-транзен, Струмица; Здружението на граѓани Институт за истражување на политики и добро владеење, Скопје и Центарот за ромска заедница „Дром“.

На првиот повик за акциски грантови пристигнаа 113 пријави од организации од повеќето плански региони, активни на локално, регионално, национално и на меѓународно ниво.

Информативната сесија за повикот се одржа во мај и на неа учествуваа над 100 заинтересирани претставници на граѓански организации.



## „Родум од Македонија“ (Birthright Macedonia)

Арон Кимсон (Aaron Kimson ) и Филип Јотевски (Filip Jotevski) од САД, Лукас Стрезос (Lucas Strezos) и Наташа Калајџиовски (Natasia Kalajdziovski) од Канада се првите четири млади луѓе со македонско потекло кои престојуваа во Македонија како дел од проектот „Родум од Македонија“ (Birthright Macedonia).

Обединетата македонска дијаспора (ОМД) и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), како локален партнер, на 10 јули 2015 година информираа за проектот „Родум од Македонија“ (Birthright Macedonia) и го означија почетокот на нивниот тринеделен студиски престој во Македонија.

Тие беа ангажирани во кабинетот на министерот без ресор, задолжен за привлекување на странски инвестиции, Цери Наумоф, во Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“, во Институтот за демократија – Социетас цивилис и во тинк-тенкот Аналитика. Нивниот студиски престој е комплементарен на нивните академски цели, на нивната кариера или на нивните општи интереси. Примарната цел на „Родум од Македонија“ (Birthright Macedonia) е младите Македонци кои се родени и живеат надвор од државата да го запознаат нивното културно наследство и да воспостават контакти и пријателства меѓу себе и со нивните врсници во Македонија. За време на нивиот престој, тие живееја со семејства-домаќини и одблизу можеа да го видат секојдневието и културата на Македонците.



*Првиите четворица „Родум од Македонија“ три недели ги правеа врските со нивните корени*

Проектот е осмислен и развиен од Питер Далас, член на Советот на ОМД кој е роден во САД а има потекло од Гевгелија и Егејска Македонија. „Врските на Македонците со нивните корени слабеат“, рече тој на отворањето на проектот, „особено кај младите од најпрвите генерации Македонци кои живеат во странство. Заради растечката асимилација на Македонците во странство во другите култури, сакав да направам нешто за да им помогнеме на Македонците во странство да ја задржат нивната врска со татковината“, додаде тој.

„Задоволни сме што соработката со ОМД резултираше со вакви активности“, рече Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС. „Можеби за некого ова се мали чекори, но веруваме дека тие ќе ја зајакнат довербата и ќе придонесат кон поинтезивна соработка со нашата дијаспора.“

## Граѓанското општество партнер во спречувањето на перење пари и финансирање тероризам

Од 14 до 16 јули 2015 година во Сараево, Босна и Херцеговина се одржа регионална работилница на тема „Поддршка во спречувањето на злоупотребата на непрофитните организации за финансирање на тероризам во земјите од Југоисточна Европа“. Организатори на работилницата беа ОБСЕ и Глобалниот центар за соработка за безбедност во соработка со Извршниот директорат на Комитетот на Обединетите нации за спречување тероризам, со поддршка на владата на Босна и Херцеговина и со финансиска поддршка од Соединетите Американски Држави. Од МЦМС учествуваше Симона Огненовска.

Целта на работилницата беше едукација за перспективите за соработка меѓу државата и граѓанските организации за поддршка во борбата против тероризмот преку анализа на политики, дијалог и техничка поддршка.

Што ги прави организациите ранливи и подложни на злоупотреба од терористички групи? Според претставничка од Канадската управа за јавни приходи тоа се: хуманитарни акции во кои се вклучени многу индивидуи, програми со широк опсег на активности и на големи географски растојанија; голем оперативен капацитет и износ на средства со кои располагаат, како и значителен удел на средства од дијаспората. Доминантен метод на злоупотреба на организациите е пренасочување на средства; поврзаност со терористички ентитети, злоупотреба на програмирањето за поддржување на терористички акции и др.

Учесниците сметаат дека регулирањето од можна злоупотреба од финансирање тероризам и перење пари треба да ги опфати ранливите организации, без да ги ограничува функционирањето на целиот сектор.



## Најголем интерес за новините во даночниот третман на ГО

На 7 јули 2015 г. во Инфо центарот на ЕУ во Скопје, МЦМС го одржа информативниот настан „Граѓанските организации и економските активности – можност за одржливост?” На прашањата на заинтересираните одговараше Николаки Миов, авторот на новиот прирачник „Економски активности: Вршење дејност од граѓанска организација“.

Миов зборуваше за вршењето економски активности на граѓанските организации согласно македонското законодавство, како и за предностите и недостатоците кои произлегуваат од тоа.

Анализите покажаа дека со одредени решенија граѓанските организации се во помалку поволна положба од претпријатијата. На пример, трговски друштва со приход до три милиони денари се ослободени од данок на добивка и данок на непризнати расходи. Ова не важи и за граѓанските организации. „Последните измени во даночкот на додадена вредност, главно содржат олеснувања кон другите сектори, а не и кон граѓанските организации“, рече Миов.

Преку 40 претставници на граѓански организации присуствуваа на настанот и активно учествуваа во дискусијата. Во најголем дел тие се интересираа за можностите за вршење дејност и даночниот третман.

## Работилница за он-лине медиуми за граѓански организации

Проектот ТАКСО на 15 јули 2015 г. во хотелот Дрим во Струга организираа работилница за он-лине медиуми на која учествуваа 11 граѓански организации. Учесниците беа лица задолжени за односите со јавноста и информирањето.

Целта беше да им се овозможи да се запознаат со можностите што им ги нудат он-лајн медиумите за подобрување на комуникацијата со целните групи и да стекнат знаења за нивно ефикасно користење и на тој начин да ја подобрат видливоста на нивните организации.

Учесниците беа запознаени со спецификите на информирањето преку веб страна и подготвување содржини за неа; пишување за различни социјални медиуми, особено за Фејсбук и Твитер и спроведување кампањи преку социјалните медиуми.

Присутните имаа задача да подобрат веќе објавени текстови користејќи ги препораките од работилницата и да ги прилагодат за објава на Фејсбук и Твитер.

Употребата на онлајн медиумите треба да биде ставена во функција на подобрување на односите со јавноста и потребата да се обрне внимание не само на спроведувањето на активностите од проектите туку и на нивното промовирање.